Трговско друштво за производство услуги и промет
АСЕЕ ДООЕЛ
Бр. 0306-713/24
05.07.2024 год.
СКОПЈЕ

ASEE DOOEL Skopje
contact@asseco-see.mk
Naroden front 17, 1000 Skopje
North Macedonia
phone: +389 2 3248 000
fax: +389 2 3216 621

# *ИНТЕГРИРАНА ПОЛИТИКА ЗА СИГУРНОСТ НА ИНФОРМАТИВНИОТ СИСТЕМ И КОНТИНУИТЕТ ВО РАБОТЕЊЕТО*

**АСЕЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ** има за цел да обезбеди сигурност на информативниот систем и континуитет во работењето преку исполнување на следните критериуми:

- **Доверливост** - информативниот систем е достапен само за корисниците кои имаат овластен пристап до него;
- **Интегритет** - заштита на точноста и комплетноста на информативниот систем;
- **Расположливост** - непречен пристап до информативниот систем за овластените корисници.

Со имплементирање на системот за управување со сигурноста на информативниот систем, согласно стандардот ИСО27001, и системот за управување со континуитетот на работењето сигласно стандардот ИСО22301 се обезбедува заштита на инфроmативните добра од различни видови на закани, интерни или екстерни, намерни или случајни.

Системот за управување со сигурноста на информативниот систем и управување на континуитетот на работењето се базира на:

- Исполнување на регулаторните и законски барања, како и барањата за сигурност дефинирани во деловните договори со клиентите - имплементирање на процес за управување со ризиците кој вклучува дефинирана методологија за проценка на ризиците, нивно идентификување, анализа и евалуација согласно утврдени критериуми, како и начини за намалување на постоечките ризици - во случај на нарушување на работењето на организацијата, да се обезбеди клучните сервиси/функции на корисникот да продолжат да се извршуваат на ниво прифатливо и во согласност со договорените барања на клиентите.
- Повторното воспоставување на сервисите/функциите односно опоравувањето од настанатите нарушувања треба да биде навремено и ефективно - изработка, оддржување и тестирање на планот за континуитет - имплементирање на процедури и контроли со кои се детектираат сигурносни настани и соодветни мерки за разрешување на сигурносни инциденти - обука за сигурност на информациите за сите вработени во компанијата

Офицерот за сигурност е одговорен за оддржување на политиката за сигурност и континуитет во работењето како и обезбедување поддршка и насоки за нејзино спроведување.

Менаџерите во АСЕЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ се директно одговорни за спроведување и работење во склад со политиката од страна на вработените во своите сектори.
Одговорност на секој вработен е да постапува во согласност со Политиката за Информативна Сигурност и Континуитет во работењето.

Јули 2024 година

Управители

Славчо Ангеловски

Зоран Шапкарев

Трговско друштво за производство, услуги и промет АСЕЕ ДООЕЛ Скопје 1